*Софија ГЕОРГИЕВСКА*

**УДК: 37.018.1–053.6**

# РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА РОДИТЕЛСКИТЕ ВОСПИТНИ СТИЛОВИ КАЈ РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА ИЗЛОЖЕНИ НА СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

***Кратка содржина***

*Целта на ова истражување е да се утврди дали постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на родителите и социјалната перцепција на воспитните стилови на децата изложени на социјален ризик.*

*За таа намена е користен пригоден примерок од 195 испитаници, 65 деца изложени на социјален ризик (38 женски и 27 машки испитаници) и 130 родители на децата. За мерење на воспитните стилови на родителите од страна на адолесцентите и родителите е користеа скалата EMBU (Egna Minnen av Barndo ms Uppfostran), која се состои од пет супскали: отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање.*

*Резултатите покажаа дека постои разлика во автоперцепцијата на мајката и социјалната перцепција на адолесцентот кај воспитните стилови отфрлање и емоционална топлина и дека постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови отфрлање и емоционална топлина помеѓу мајката и таткото на адолесцентот.*

***Клучни зборови:*** *РОДИТЕЛСКИ СТИЛОВИ, ДЕЦА ИЗЛОЖЕНИ НА СОЦИЈАЛЕН РИЗИК*

Семејството ги создава темелите на личноста, односно го формира детето од биолошко во социјално суштество, ја формира неговата личност и влијае кај младите луѓе да се формираат одредени форми на однесување.

Воспитната запуштеност, погрешниот пристап во комуникацијата со децата, отсуството на емоционален трансфер, негрижата на родителите за своите деца доведува до формирање личности кои се асоцијални во своето однесување, кои не ги интернализирале правните и моралните норми што важат за даденото општество. Причина за ваквата ситуација секако дека е и транзицијата на нашето општество, негативните промени во општеството, економската криза, дезорганизацијата – промени на кои не е имуно и семејството. Сè повеќе е присутна лоша семејна атмосфера, несоодветни педагошки постапки и неоправдан однос на родителите кон своите деца. Тоа е следено со физичко малтретирање, воспитна запуштеност на своите деца и, воопшто, до незаинтересираност и отсуство на грижа за тоа

што се случува со нивните деца во училиштето и надвор од него. Се разбира дека за неостварување на воспитната функција на семејството од големо значење е и расчекорот меѓу образовно-културното ниво на родителите во семејството и квалитетот на воспитанието и образованието што го наметнува како императив новото време. За жал, поголем број родители не се ниту доволно образовани, ниту доволно педагошки подобни да ги воспитуваат и поучат своите деца, не претставуваат авторитет за нив, немаат способности за комуникација, немаат соодветен пристап во воспитувањето на своите деца и не воспоставуваат емоционален трансфер помеѓу нив и нивните деца. Ваквата ситуација во семејството, секако, се однесува и во дисциплината и во училишниот успех.

Воспитниот стил подразбира воспитни постапки на родителите со кои најуспешно ќе ги остварат своите воспитни цели, без да го нарушат емоционалниот однос кон детето. Овие постапки произлегуваат од базичното прифаќање и љубов кон детето, или негово отфрлање и условна љубов. Емоционалниот фактор се смета за најважна компонента на воспитниот стил на родителите (Perkowska - Petrović, 1900, според Todorović, 2005).

Воспитните стилови се формираат доста рано. Детето ги усвојува како модел на родителско однесување, додека реакцијата на детето родителите ја доживуваат како позитивно или негативно поткрепување за своите постапки. Може да се каже дека воспитните стилови се двонасочен процес (според Milenković A. & Hadzi-Pesić M., 2006). Родителското однесување често се разгледува и низ родителските стилови. Макобу и Мартин (Maccoby & Martin, 1983), при комбинација на димензиите емоционалност и контрола, опишале четири родителски стила:

- ***авторитативен стил*** (комбинација на емоционална топлина и цврста контрола);
- ***попустлив стил или пермисивен стил*** (комбинација на емоционална топлина и слаба контрола);
- ***авторитарен стил*** (комбинација на емоционално ладна и цврста контрола);
- ***индиферентен или незаинтересиран родителски стил*** (комбинација на емоционално ладна и слаба контрола).

### *Проблем на истражувањето*

Истражувањето е спроведено со цел да се утврди дали постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на родителите (отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање) и перцепцијата на воспитните стилови од страна на децата изложени на социјален ризик. Главниот проблем во ова истражување е да се утврди дали постои совпаѓање во автоперцепцијата на воспитните стилови на мајката и таткото со социјалната перцепција на воспитните стилови кај децата изложени на социјален ризик?

### *Варијабли во истражувањето*

Во спроведеното истражување беа вклучени следниве истражувачки варијабли: автоперцепцијата на воспитните стилови на родителите (емоционална топлина и прифаќање, презаштитување, отфрлање, недоследност и фаворизирање) и социјалната перцепција на тие воспитни стилови од страна на децата изложени на социјален ризик.

*Воспитните стилови на родителите* во ова истражување се однесуваат на процената на адолесцентите за воспитниот стил на родителите од страна на нивните деца. Воспитните стилови се операционализираат преку скалата EMBU за процена на воспитниот стил од шведскиот автор Перис (Perris) и адаптираната форма од Ариндел (Arrindel), која се покажала сосема погодна за истражување во различни културни средини. Скалата EMBU ги содржи следниве фактори:

*Емоционална топлина и прифаќање* се сретнува кај родители кои се емоционално топли со своите деца, полни со одобрување, разбирање, интересирање за детето, при што се користат објаснувања кога се бара дисциплина и ретко се користат физички казни. На скалата EMBU овој фактор е детерминиран од следниве ајтеми: родителите даваат топлина, љубов, внимание, поддршка на детето за оние нешта кои нему му се важни, имаат доверба кон него, високо го почитуваат неговото мислење и поради тоа детето има чувство дека може да се потпре на своите родители и да побара помош. Овој фактор ги опфаќа оние облици на однесување што се однесуваат на психолошкото наградување. Родителите ги наградуваат своите деца за посакуваните облици на однесување, покажувајќи им љубов и внимание. *Претерано заштитување,* емоционалната приврзаност и доминација на родителите влијае врз претерана корекција на однесувањето на детето и претерани барања со присила. Детето се насочува кон барањата на мајката или таткото без да се почитуваат неговите специфичности на личноста, како и развојните можности. Ваквиот однос на родителите кон детето може да се манифестира на различни начини. На скалата EMBU овој однос на родителите се пројавува преку заштитување на детето на изразен авторитативен начин, со релативно висок степен на наметливост, со намера во голема мера да се знае сè што прави детето, со поставување високи стандарди за успешност во однесувањето, во училиштето, со наметнување строги правила и со барања за безусловна послушност. Овој фактор ги опфаќа следниве облици на однесување на родителите: мешање, насочување, претерано заштитување, предизвикување чувства на вина и срам, како и делумна толеранција. *Недоследноста* во воспитувањето се карактеризира доколку родителите се однесуваат различно од ситуација до ситуација, односно еднаш наградуваат некој вид однесување, а друг пат не реагираат на истото однесување или го казнуваат, детето нема да има стабилни критериуми врз чија основа ќе ги насочува и коригира своите постапки. Тоа е несигурно во однос на своите постапки, како и во поглед на родителската љубов. Ваквото однесување на родителите речиси секогаш предизвикува невротски нарушувања кај децата. Родителите не ја извршуваат адекватно својата улога и со еден дел од себе не го прифаќаат детето. Недоследноста е показател на

амбивалентниот однос на родителите кон детето и како таква претставува посебна варијанта на воспитниот стил. *Отфрлање* како воспитен стил се манифестира низ неизразување позитивни чувства кон детето, а отворено покажување негативни, постојан критички однос кон детето, предизвикување чувство на вина, непочитување на детските потреби, заплашување, строго казнување, омаловажување, недоволно внимание кон неговите мисли, желби и интереси. Овој воспитен стил е детерминиран од ајтеми класифицирани во супскалите на директно и отворено казнување, лишување, навредување, посрамување, отфралање, предизвикување чувство на вина, запоставување на детето. Овој фактор опфаќа и психолошко казнување на детето. *Фаворизирање* како воспитен стил се однесува на фаворизираниот однос на родителите кон детето во однос на другите браќа и сестри.

### *Хипотези*

Во врска со поставениот проблем на истражување се поставени две хипотези:

**А. Постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови меѓу родителите и социјалната перцепција на воспитните стилови од страна на адолесцентите.**

**Б. Постојат разлики во воспитните стилови на родителите.**

### *Испитаници и постапка*

Истражувањето е спроведено во пет средни училишта во Скопје, во текот на март 2014 година. Испитаници се ученици од прва година, кои од стручните служби се идентификувани како деца изложени на социјален ризик, и нивните родители. Целта на истражувањето беше да се утврдат разликите во перцепцијата на воспитните стилови помеѓу адолесцентите и нивните родители.

Во ова истражување се вклучени вкупно 195 испитаници, 65 ученици (27 машки и 38 женски испитаници) и 130 родители (за секој ученик двајцата родители).

**Табела 1.** Структура на примерокот опфатен во истражувањето

| Испитаници | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Деца изложени на ризик | 38 | 27 | 65 |
| Родители | 65 | 65 | 130 |

Во истражувањето беше користена скалата за проценување на воспитните стилови на родителите од страна на нивните деца, EMBU, и таа за потребите на

истражувањето беше променета и преадаптирана за проценувањето на воспитните стилови на родителите од нив самите (EMBU за родители).

### *Резултати*

Истражувањето прикажано во овој труд е спроведено со цел да се утврди дали постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови од страна на родителите и социјалната перцепција на истите воспитни стилови од страна на нивните деца. Во согласност со поставениот проблем на истражување ќе бидат разгледани и добиените резултати.

**Табела 2.** Аритметички средини, стандардни отстапувања, најниски и највисоки постигнати скорови на EMBU, врз основа на перцепцијата на адолесцентите за воспитните стилови на мајката

| МАЈКА | ТЕОРИСКА M | ЕМПИРИСКА M | SD | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|
| ОТФРЛАЊЕ | 62.50 | 33.15 | 5.94 | 25 | 55 |
| ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА | 37.50 | 31.83 | 5.69 | 21 | 46 |
| ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА | 42.50 | 50.61 | 8.95 | 23 | 67 |
| НЕДОСЛЕДНОСТ | 17.50 | 12 | 2.89 | 8 | 23 |
| ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ | 12.50 | 7.60 | 2.35 | 5 | 16 |

**Табела 3.** Аритметички средини, стандардни отстапувања, најниски и највисоки постигнати скорови на EMBU, врз основа на перцепцијата на адолесцентите за воспитните стилови на таткото

| ТАТКО | ТЕОРИСКА M | ЕМПИРИСКА M | SD | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|
| ОТФРЛАЊЕ | 62.50 | 34.09 | 6.76 | 25 | 61 |
| ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА | 37.50 | 32.46 | 6.02 | 21 | 44 |
| ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА | 42.50 | 50.25 | 15.11 | 25 | 64 |
| НЕДОСЛЕДНОСТ | 17.50 | 12.38 | 3.10 | 7 | 22 |
| ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ | 12.50 | 7.75 | 2.54 | 5 | 17 |

Врз основа на резултатите прикажани во Табела 2 и Табела 3, евидентно е дека воспитниот стил емоционална топлина и прифаќање и кај мајката и кај таткото (перципиран од страна на адолесцентите) има повисока емпириска аритметичка средина од теоретската, додека кај воспитните стилови отфрлање, претерана заштита, недоследност и фаворизирање емпириската аритметичка средина е пониска од теоретската.

Од скоровите што ги добивме за мајката и таткото на скалата EMBU (Табела 4 и Табела 5) може да се забележи дека воспитните стилови отфрлање, претерана заштита, недоследност и фаворизирање имаат пониска емпириска од теориска средина, додека воспитниот стил емоционална топлина има повисока емпириска од теоретска аритметичка средина.

**Табела 4.** Аритметички средини, стандардни отстапувања, најниски и највисоки постигнати скорови на EMBU за родители, врз основа на автоперцепција на мајката

| МАЈКА | ТЕОРИСКА М | ЕМПИРИСКА М | SD | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|
| ОТФРЛАЊЕ | 62.50 | 30.48 | 5.50 | 25 | 51 |
| ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА | 37.50 | 32.30 | 6.08 | 22 | 50 |
| ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА | 42.50 | 54.89 | 6.20 | 31 | 66 |
| НЕДОСЛЕДНОСТ | 17.50 | 11.48 | 3.02 | 7 | 19 |
| ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ | 12.50 | 7.95 | 1.92 | 5 | 15 |

**Табела 5.** Аритметички средини, стандардни отстапувања, најниски и највисоки постигнати скорови на EMBU за родители, врз основа на автоперцепцијата на таткото.

| ТАТКО | ТЕОРИСКА М | ЕМПИРИСКА М | SD | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|
| ОТФРЛАЊЕ | 62.50 | 32.48 | 7.34 | 25 | 56 |
| ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА | 37.50 | 33.00 | 6.02 | 22 | 51 |
| ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА | 42.50 | 52.83 | 8.05 | 25 | 66 |
| НЕДОСЛЕДНОСТ | 17.50 | 11.83 | 3.07 | 7 | 19 |
| ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ | 12.50 | 7.78 | 2.05 | 5 | 15 |

Во продолжение се дадени добиените резултати од тестирањето на разликите меѓу перцепцијата на воспитните стилови на родителите и нивните деца.

Наодите од тестирањето на А хипотезата потврдуваат дека постојат разлики во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитните стилови отфрлање и емоционална топлина.

Наодите од тестирањето на А хипотезата што се однесуваат на таткото не се потврдија, односно не се потврди дека постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолсецентот за неговиот воспитен стил (Табела 7).

**Табела 6.** Значајност на разлики во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентите за нејзиниот воспитен стил.

| МАЈКА N=65 | | АДОЛЕСЦЕНТИ N=65 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | σ | M | Σ | D | σD | t | p |
| **ОТФРЛАЊЕ** | | | | | | | |
| 30.48 | 5.50 | 33.15 | 5.94 | - 2.67 | 0.98 | - 2.72 | < 0.01 |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | | | | | | | |
| 32.30 | 6.08 | 31.83 | 5.69 | 0.47 | 1.01 | 0.46 | > 0.05 |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | | | | | | | |
| 54.89 | 6.20 | 50.61 | 8.95 | 4.28 | 1.32 | 3.24 | < 0.01 |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | | | | | | | |
| 11.48 | 3.02 | 12 | 2.89 | - 0.52 | 0.51 | - 1.02 | > 0.05 |
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | | | | | | | |
| 7.95 | 1.92 | 7.60 | 2.35 | 0.35 | 0.37 | 0.95 | > 0.05 |

df = 128 p ( 0.05 ) = 1.66 p ( 0.01 ) = 2.36

**Табела 7.** Значајност на разлики во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентитете за неговиот воспитен стил.

| ТАТКО N=65 | | АДОЛЕСЦЕНТИ N=65 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | σ | M | Σ | D | σD | t | p |
| ОТФРЛАЊЕ | | | | | | | |
| 32.48 | 7.34 | 34.09 | 6.76 | - 1.61 | 1.21 | - 1.33 | > 0.05 |
| ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА | | | | | | | |
| 33 | 6.02 | 32.46 | 6.02 | 0.54 | 1.03 | 0.52 | > 0.05 |
| ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА | | | | | | | |
| 52.83 | 8.05 | 50.25 | 15.11 | 2.58 | 2.07 | 1.25 | > 0.05 |
| НЕДОСЛЕДНОСТ | | | | | | | |
| 11.83 | 3.07 | 12.38 | 3.10 | - 0.55 | 0.53 | - 1.04 | > 0.05 |
| ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ | | | | | | | |
| 7.78 | 2.05 | 7.75 | 2.54 | 0.03 | 0.39 | 0.08 | > 0.05 |

df = 128 p ( 0.05 ) = 1.66 p ( 0.01 ) = 2.36

Наодите од тестирањето на Б хипотезата потврдуваат дека постојат разлики во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил отфрлање и емоционална топлина.

**Табела 8.** Значајност на разлики во воспитните стилови на родителите.

| МАЈКА N=65 | | ТАТКО N=65 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | σ | M | Σ | D | σD | t | p |
| ОТФРЛАЊЕ | | | | | | | |
| 30.48 | 5.50 | 32.48 | 7.34 | - 2 | 1.11 | - 1.80 | < 0.05 |
| ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА | | | | | | | |
| 32.03 | 6.08 | 33 | 6.02 | - 0.7 | 1.04 | - 0.67 | > 0.05 |
| ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА | | | | | | | |
| 54.89 | 6.20 | 52.83 | 8.05 | 2.06 | 1.23 | 1.67 | < 0.05 |
| НЕДОСЛЕДНОСТ | | | | | | | |
| 11.48 | 3.02 | 11.83 | 3.07 | - 0.35 | 0.52 | - 0.67 | > 0.05 |
| ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ | | | | | | | |
| 7.95 | 1.92 | 7.78 | 2.05 | 0.17 | 0.34 | 0.50 | > 0.05 |

df = 128 p ( 0.05 ) = 1.66 p ( 0.01 ) = 2.36

### *Дискусија*

**Разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на мајката и социјалната перцепција на воспитните стилови од страна на адолесцентите**

Според добиените резултати, може да се заклучи дека ***постојат разлики во перцепцијата на воспитниот стил отфрлање и емоционална топлина помеѓу мајката и адолесцентите и тие се значајни на ниво 0.01.*** Низ историјата на различните општествени уредувања може да се забележи дека грижата околу чувањето на децата е препуштено најчесто на мајката. Таа и во денешното општество ја презема истата улога и најчесто таа има функција на советодавец за идниот живот. Поради тоа, адолесцентот најчесто доаѓа во конфликти со неа, но и со таткото, кој се јавува како советодавец околу училишниот успех и идното школување. Интересот на мајката за случувањата во секојдневниот живот на адолесцентот може да предизвикаат бунт кај адолесцентите, бидејќи тие се обидуваат да се отргнат од родителското влијание и да се приклучат во група слични на нив каде што ќе бидат прифатени. Наметнувајќи постојано свои правила, мајката може да биде погрешно доживеана од своите деца и да се јави конфликт меѓу нив. Поради тоа, мајката може да верува и да ги воспитува децата со љубов и разбирање, а тоа од бунтовниот адолесцент да биде протолкувана сосема обратно.

***Не постои статистички значајна разлика во перцепцијата на воспитниот стил претерана заштита, недоследност и фаворизирање од страна на адолесцентот и неговата мајка***. Користејќи го воспитниот стил претерана заштита, родителите му создаваат на детето погрешна слика за светот и притоа ги намалуваат нивните иницијативи. Недоследност кај родителите може да предизвика несигурност кај адолесцентите и нивната можност за стекнување нови искуства ќе биде намалена. Најчесто адолесцентите ги забележуваат и најмалите грешки на своите родители, притоа не прифаќаат дека тие секојдневно прават уште поголеми. Адолесцентите покрај тоа што се против сите правила во домот, може да се почувствуваат дека се помалку посакувани во семејството, бидејќи постојаните родителски правила најчесто се упатени на нивните грешки или инструкции како полесно да се вклучат во животот на возрасните.

**Разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на таткото и социјалната перцепција на воспитните стилови од страна на адолесцентите**

Како воспитувач во семејството, таткото најмногу се интересира за училишниот успех на адолесцентот и идното образование. Многу поретко од мајката се доведува во ситуација да им дели совети на адолесцентите и таа улога повеќе како да ѝ припаѓа на мајката (Todorović, 2005). Поради тоа, адолесцентите многу поретко доаѓаат во судир со нивните татковци. И добиените резултати покажуваат дека не постојат статистички значајни разлики во перцепцијата на воспитните стилови на адолесцентите и нивните татковци.

Кај адолесцентите чии родители го користат воспитниот стил отфрлање се јавува чувство на несигурност, пониска самодоверба и пониско ниво на креативност. Поддршката и советите од родителите може погрешно да бидат протолкувани во друштвото и затоа адолесцентот гледа да се оттргне од родителското влијание. Во однос на воспитниот стил, адолесцентот и таткото исто го перципираат воспитниот стил претерана заштита, или адолесцентот перципира дека овој воспитен стил не го користи неговиот татко во воспитувањето. Ако се користи овој воспитен стил, се намалува можноста за иницијатива и дејствување на адолесцентот, затоа кај адолесцентот може да се јави незадоволство. Кога станува збор за емоционалната топлина, таткото, пред сè, е советувач за училишниот успех на адолесцентот и идното образование и тука и адолесцентот и таткото имаат релативно исти цели, затоа е можно повеќе да се сложуваат меѓусебно. Најверојатно воспитувањето за социјалниот живот на адолесцентот е оставен на мајката, поради тоа адолесцентите доаѓаат во судир со неа.

Недоследноста во односот со адолесцентите може да предизвика неможност за создавање какви било емотивни врски и може да бидат непријателски настроени кон својата околина. Меѓутоа, родителот може да употребува родителски стилови кои од страна на адолесцентот може да бидат погрешно протолкувани. Поради тоа треба да се води искрен разговор помеѓу адолесцентот и родителите кој во себе не вклучува само зацврстување на поставените правила, туку формирање заеднички договори. Доколку адолесцентот почувствува дека постојано е критикуван, дека е дежурен виновник за сите гршки, без притоа да се увидат и другите аспекти на некоја ситуација, може да предизвика незадоволство кај адолесцентот и тој може да почувствува дека неговите браќа (сестри) се повеќе фаворизирани во семејството. И тој адолесцент ќе бара врсници што ќе го прифатат и ќе се обидува да ги отфрли родителските правила.

**Разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови помеѓу родителите на адолесцентот**

Луѓето се разликуваат во однос на перцепцијата на светот и случувањата околу себе. Нема двајца луѓе кои на едно исто случување може да ги забележат истите детали. Разликата во перцепцијата се должи на објективни, но и на многубројни субјективни фактори. Така и перцепцијата на воспитните стилови помеѓу родителите на истиот адолесцент не се исти. Но, и односот на родителите кон своите деца може да биде различен. Во ова истражување се тестираше разликата во автоперцепцијата на воспитните стилови помеѓу родителите и се добија следниве резултати:

***Постои статистички значајна разлика во автоперцепцијата на воспитниот стил отфрлање кај мајката и таткото на адолесцентот.*** Постапките што ги вклучува овој воспитен стил, најверојатно, се различни за двајцата родители. Можеби поради тоа адолесцентите имаат иста перцепција на овој воспитен стил со таткото, а различна од перцепцијата на мајката. И кај воспитниот стил ***емоционална топлина и прифаќање постои статистичка значајна разлика***

***во автоперцепцијата на мајката и таткото.*** Добиената разлика е значајна на ниво 0.05. Ова е во согласност со поставената хипотеза. Соработката на родителите со детето развива доверба на релација родител - дете. Децата во такви ситуации се чувствуваат слободни да побараат совет и помош од родителите, задоволни се со своите резултати и имаат оформено одреден капацитет на доверба и соработка. Во нашиот случај, постапките што се вклучени во овој воспитен стил се различни за мајката и таткото на адолесцентот.

Во однос на автоперцепцијата на воспитните стилови ***претерана заштита, недоследност и фаворизирање, не постојат статистички значајни разлики меѓу мајката и таткото на адолесцентот.*** Загриженоста, попустливоста и разгаленоста се постапки на родителите што ги користат во воспитниот стил претерана заштита. Автоперцепцијата на родителите околу овој воспитен стил нема разлика. Во однос на недоследноста, родителите на адолесцентот, според добиените резултати, не ги користат постапките на овој начин на воспитување или сакаат своето родителство да го покажат во подобра светлина. Кога станува збор за фаворизирањето, постапките на советување и поставување правила од целото семејство може да му помогне на адолесцентот да го помине полесно периодот на адолесценција и да се вклучи во светот на возрасните. Разликите во перцепцијата се должат на низа субјективни и објективни фактори, затоа низ разговор со своите деца може да се намалат тие разлики. Критикување на постапките, а не на личноста на адолесцентот може да помогне во создавање личност која ќе може успешно да ги извршува животните обврски.

*Литература:*

Maccoby, E.E., & Martin, J.A. (1983). Socialization in the context of the family: Parent-child interaction. In E.M. Hetherington (Ed.), P.H. Mussen (Series Ed.), Handbook of child psychology: Vol. 4. Socialization, personality, and social development. (pp. 1-101). New York: Wiley.

Todorović, J. (2005). Vospitni stilovi roditelja i samopoštovanje adolescenta. Niš: Filozofski fakultet

Milenković, A. & Hadži-Pešić, M. (2006). Povezanost vaspitnih stilova roditelja, ekstraverzije-introverzije i asertivnosti. У Godišnjak za psihologiju 2006, br. 4-5, str. 89-108

*Sofija GEORGIEVSKA*

# DIFFERENCES IN PERCEPTIONS OF PARENTAL EDUCATIONAL STYLES OF PARENTS AND CHILDREN AT SOCIAL RISK

***Summary***

*The purpose of this research is to determine whether there is a difference in the auto perception of educational styles of parents and social perception of educational styles of children at social risk.*

*For this purpose it is used a convenience sample of 195 respondents, 65 children at social risk (38 female and 27 male subjects ) and 130 parents of children at risk.*

*To measure the educational styles of parents by adolescents and parents was used EMBU questionnaire, which consists of five subscales: rejection, overprotection, emotional warmth, inconsistency and favoritism.*

*The results showed no difference in auto perception of mother and social perception of children of the educational styles rejection and emotional warmth, and that there is a difference in the educational styles rejection and emotional warmth between mother and father of an adolescent.*

***Key words:*** *PARENTING STYLES, CHILDREN AT SOCIAL RISK*